# СОЗДАВАЊЕ (НЕ)ПРАВДА:
# АМНЕСТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕХАБИЛИТАЦИЈАТА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА



Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

**Издавач:** МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

**Наслов на публикацијата:**
СОЗДАВАЊЕ (НЕ)ПРАВДА: АМНЕСТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕХАБИЛИТАЦИЈАТА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

**Автори:** Доц. д-р Елена Мујоска Трпевска
Проф. д-р Гордана Лажетиќ

**Лектор:** Весна Костовска

**Графички дизајн:** Бригада дизајн

**Место:** Скопје

**Година на изданието:** 2023

МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци Избор Струмица

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МПД и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија..

# СОДРЖИНА

За проектот ........ 4

Извршно резиме ........ 5

Вовед ........ 7

Позадина на истражувањето ........ 10

Дилеми ........ 12

Предлог на закон за амнестија (јули 2023 година) ........ 13

Заклучоци ........ 16

Препораки ........ 17

# ЗА ПРОЕКТОТ

Овој документ е изработен во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“, финансиран од Европската Унија. За целите на проектот беше склучен Меморандум за соработка помеѓу Македонското пенолошко друштво, Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци ИЗБОР и Управата за извршување на санкциите.

Општа цел на проектот е намалување на рецидивизмот и ранливоста на осудените лица по нивно отпуштање на слобода преку зајакнување на политиките и сервисите за нивна ресоцијализација, реинтеграција и постпенална грижа во согласност со најдобрите меѓународни европски стандарди. Специфични цели кон кои се стреми проектот се:

- да се подобрат квалитетот и достапноста на услугите за пенална и постпенална заштита со цел ресоцијализација и реинтеграција на осудените лице, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи;
- да се зајакнат капацитетот и меѓуинституционалната соработка помеѓу казнено-поправните установи, судовите, пробациските службеници, центрите за социјална работа и други даватели на услуги за ресоцијализација, пробација и постпенална заштита;
- да се подобрат правната рамка и политиките за ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи врз основа на истражување и најдобри практики.

Целите на проектот ќе бидат остварени преку меѓусебно поврзан сет од три компоненти во кои се опфатени: обезбедување услуги што вклучува активности за воспоставување национална служба за поддршка за ресоцијализација и рехабилитација на затворениците во партнерство помеѓу ГО и УИС, која ќе обезбеди поддршка пред и по ослободувањето (правна, психосоцијална, кариера и третман на зависност); градење капацитети и вмрежување што предвидува развој на наставна програма и материјали за обука, спроведување програма за обука за судии, затворски советници, условни службеници, социјални работници и даватели на услуги, организирање сет на регионални работилници за дефинирање на условите за интеринституционална соработка и воспоставување и обезбедување поддршка на три локални меѓуинституционални за координирана постпенална поддршка; и следење на развојот на пробациска служба во РСМ 2021-2025 во која ќе се даде поддршка за изготвување два СОП, организирање конференции и изготвување документи за политики.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Примарната цел на оваа анализа е да се утврди дали носењето чести закони за амнестија има позитивно влијание врз рехабилитацијата и ресоцијализацијата на осудените лица, односно да се даде одговор на прашањето дали тие (би) биле успешно реинтегрирани во општеството или вратени во затворите набргу по ослободувањето.

Во правните образложенија при донесувањето на законите за амнестија се акцентира појдовната цел на казнувањето – дека таа не треба да се потпира на одмаздата, односно на казнување на сторителот за сторено дело, туку да се постигне специјална и генерална превенција. Министерството за правда при подготвувањето на предлог-законот во 2017 година[1] ги имаше предвид *„условите во казнено-поправните установи како институции што треба да овозможат и да обезбедат успешна ресоцијализација на осуденичката популација и кои, неспорно, се пренатрупани, условите за престој се многу ниски, оценети од меѓународните организации како нехумани, опасноста од криминална инфекција во казнено-поправните установи е реална поради што се оцени дека е неопходно донесување еден ваков закон со кој група лица осудени на казна затвор до 6 месеци – лесни кривични дела ќе се ослободат од издржување на казната затвор“*. Истото се наведува и во образложението на предлог-законот од 2023 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, примарна цел на оваа анализа е да се одговори на прашањето дали ситуацијата во затворските установи би се сменила со предложениот Закон за амнестија од јули 2023 година. Всушност, преку оваа кратка анализа критички би се оцениле мотивите за донесување на овој Закон, односно дали тие се поинакви од претходните или тоа е уште едно покажување политичка волја. Понатаму, важен сегмент за оцена се и капацитетите на македонските институции да се справат со овие прашања. Во таа смисла, не би се осврнале само на степенот на рецидив, т. е. бројот на ослободени осуденици што се повторно затворени, туку и на постапувањето на властите што ги спроведуваат процедурите утврдени во Законот за амнестија, како што се законскиот и правичен третман на судовите, степенот на подготвеност на судиите за извршување на санкциите, јавните обвинителства, казнено-поправните установи и пробациските служби.

1 Предлог на Закон за амнестија, Скопје, ноември 2017 година. ЕНЕР, линк: https://www.google.com/search?q=Закон+за+амнестија.

# ВОВЕД

Изминатите три децении беа предизвик за Република Северна Македонија имајќи предвид дека државата се соочи со промени на целиот нејзин општествен, економски и правен систем. Беше воведен нов Устав со цел да се подобри демократското владеење на правото, додека, пак, Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија и многубројните ратификувани меѓународни конвенции послужија како основа за сите идни напори за воспоставување стабилна, ефикасна и ефективна институционална и правна рамка.

Еден важен аспект, во таа смисла, беше реформата на системот на кривична правда, која се отсликува преку правната рамка, остварените цели и достигнувањата. Во оваа смисла, унапредувањето на материјалното и процесното казнено право беше проектирано со Стратегијата за реформа на казненото право од 2007 година. Ефектите од обемните правосудни реформи се одвиваа во рамките на Стратегијата за реформа на правосудниот систем со Анекси, за периодот 2004-2007 година и согласно преземените активности и остварени цели од тековната Национална стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план како во однос на судството, така и во однос на јавното обвинителство и другите правни професии. Извршувањето на санкциите се одвива во рамките на стратешките цели за унапредување на пенитенцијарниот систем во однос на кој основни се целите и индикаторите содржани во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем, но и други стратешки документи што имаа влијание врз третманот на лицата во установите со цел успешна ресоцијализира, превоспитување, социјална адаптација, постпенален третман и вклучување во продуктивни животни текови по излегувањето од установата.

И покрај донесувањето нови законски решенија, стапката на затворска популација во државата останува релативно висока. Во истражувањето на Советот на Европа[2], во кое се анализирани земји со највисоки стапки на затвореници на 100 000 жители, во периодот од 2005 до 2015, спаѓа и Република Македонија (од 104,8 до 168,9). Споредбено, Германија (од 95,7 на 77,4) и Холандија (од 94 на 53) биле земјите со најниски стапки на затворска популација.[3] Изминативе 5 години, Македонија продолжува да го држи високото место на земја со висока затворска популација.

2 Council of Europe: Prisons in Europe 2005-2015, the FYRO Macedonia, Country profile: https://wp.unil.ch/space/files/2018/12/The-FYRO-Macedonia.pdf.

3 Правдико, СЕ: Македонија со највисока стапка на затвореници: https://www.pravdiko.mk/se-makedonija-megu-zemjite-so-najvisoka-stapka-na-zatvorenitsi/.

*Слика 1: Стапка на затворска популација и преглед на влез/излез од КПУ (на 100 000 жители)*




*Слика 2: Вкупна затворска популација*[4]




*Слика 3: Стапка на затворска популација 2000-2020 г.*[5]




4 World Prison Brief, North Macedonia, Country profile: https://www.prisonstudies.org/country/north-macedonia.

5 World Prison Brief, North Macedonia, Country profile: https://www.prisonstudies.org/country/north-macedonia.

Ако погледнеме претходно низ годините и ако направиме споредба на 2014/15 со 2005 година, пораст покажуваат следниве показатели[6]:

- стапка на затворска популација (+61 %)
- стапка на ослободувања од казнените установи (+31%)
- просечна должина на притвор врз основа на вкупниот број денови поминати во казнената установа (+271%)
- просечна должина на притвор врз основа на залихите и протокот (+238%)
- густина на странци во затвор ((3 отсто, густина на странци, 1 отсто) 23%)
- процент на притворски персонал (+8%)
- вкупен буџет потрошен од затворската управа (+18%) и просечна сума потрошена дневно за притвор на еден затвореник (+62%)

Најновите податоци објавени во *Annual Penal Statistics on Prison Population* во јуни 2023 година[7] покажуваат дека со намалување на рестриктивните мерки за справување со КОВИД-19 се зголемила стапката на затворска популација.[8] Затворските администрации на Бугарија (-8 %), Естонија (-6,3 %) и Германија (-5,5 %) биле единствените што пријавиле забележително намалување на нивните стапки на затворање, додека, пак, 16 држави, меѓу кои и Република Северна Македонија (+5,8 %), забележале значителен пораст. Во другите 24 затворски управи, стапките на затворската популација останале стабилни.[9]

6 Council of Europe: Prisons in Europe 2005-2015, the FYRO Macedonia, Country profile: https://wp.unil.ch/space/files/2018/12/The-FYRO-Macedonia.pdf.

7 Aebi, M. F., Cocco, E., & Molnar, L., (2023). SPACE I - 2022 – Council of Europe Annual Penal Statistics: Prison populations. Council of Europe and University of Lausanne: https://wp.unil.ch/space/files/2023/06/230626_SPACE-I_2022_FinalReport.pdf.

8 Просечната стапка на затворање се зголемила за 2,3 % во земјите што надминуваат еден милион жители.

9 Држави што пријавиле пораст на стапка на затворска популација: Словенија (+23 %), Финска (+15 %), Франција (+15 %), Северна Ирска (Велика Британија) (+13 %), Црна Гора (+12 %), Хрватска (+10 %), Турција (+9,2 %), Шведска (+8,2 %) (+8,2 %), Албанија (+8,9 %), Ерменија (7,9 %) (+8,2 %), Албанија (+8,9 %), Ерменија (7,9 %), ,3 %), Романија (+6,5 %), Полска (+6,1 %) и Данска (+5,5 %).

# ПОЗАДИНА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

На 18 јануари 2018 година беше донесен Закон за амнестија[10], со кој од издржување затворска казна беа ослободени приближно 670 осудени лица осудени на затвор до шест месеци, а на приближно 3 097 затвореници, казната им беше намалена за 30 проценти.[11] Пет години подоцна, во март 2023 година, е донесен нов Закон за амнестија[12] што ги опфати лицата осудени со правосилна пресуда на парична казна за кривични дела од членот 205 од КЗ „Пренесување заразна болест“ и членот 206 од КЗ „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“ од Кривичниот законик, сторени по денот на влегувањето во сила на Одлуката за утврдување на постоење вонредна состојба.[13]

Донесувањето на овој закон се должи на високиот број судски предмети поради прекршување на рестрикциите од КОВИД-19 и зголемениот број упатни акти до казнено-поправните установи. Во периодот од 1 јануари 2020 година до 30 јуни 2022 година, во Основниот кривичен суд Скопје од страна на Основното јавно обвинителство Скопје биле поднесени 967 казнени налози за членот 206 од Кривичниот законик. По овие казнени налози судот донел пресуда, со кои се осудени 1 223 лица на парична казна од по 123 000 денари. Во истиот период, дополнителни 762 казнени налози биле приговарани од страна на обвинетите и за нив судот донел правосилни пресуди со изречена парична казна. Поради неплаќање на паричната казна, Основниот кривичен суд има донесено 280 заменски решенија, со кои кон 280 лица паричната казна е заменета со казна затвор. По истите овие решенија се издадени 205 упатни акти за издржување казна затвор.[14] „Голем дел од осудените лица не ги обжалиле пресудите – или не ги примиле или многумина се неуки, па чекале судот да ги повика на судење.“ [15] Важно е да се напомене дека законодавецот не предвидел амнестија за правни лица, односно за фирмите и за одговорните лица во правните лица што се санкционирани поради непочитување на протоколите за време на пандемијата и кршење на двете одредби од Кривичниот законик.

Од осамостојувањето на Република Северна Македонија, последниот е шести акт за амнестија, според кој судовите се обврзани веднаш да поведат постапки за ослободување на осудените или намалување на казната. Република Северна Македонија има донесено неколку Закони за амнестија (во 1991, 1999, 2002, 2003 [ревидиран во 2004 година], 2018, 2023 година), а деновиве е актуелна и изјавата на Министерството за правда дека е подготвен нов предлог-закон за амнестија,

10 Закон за амнестија, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2018 од 26.1.2018 година.

11 National Post, Macedonia backs amnesty to deal with overcrowded prisons, Published Jan 15, 2018: https://nationalpost.com/pmn/news-pmn/macedonia-backs-amnesty-to-deal-with-overcrowded-prisons.

12 Закон за амнестија, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/2023 од 23.3.2023.

13 Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104 од 17 април 2020 година.

14 Амнестија за прекршителите на ковид-протоколите, Deutsche Welle, 20.3.2023. Линк: https://www.dw.com/mk/amnestija-za-prekrsitelite-na-kovid-protokolite-stotici-gragani-se-spasija-od-zatvor/a-65052572.

15 Кој ќе се спаси со амнестијата на ковид-казните? Deutsche Welle, 15.11.2022. Линк: https://www.dw.com/mk/nad-200-gragani-treba-da-odat-vo-zatvor-poradi-nepocituvane-na-merkite-vo-kovidpandemijata/a-63755247.

само 5 месеци по стапувањето во сила на претходниот. Секој од тие акти донесе силни реакции кај поширока јавност, а уште посилни меѓу експертите, научниците и политичарите, кои во секоја од тие пригоди ги поставуваа прашањата за причината за постоење на амнестијата, идеолошката позадина, како и поврзаноста на амнестијата со концептот на рехабилитација и ресоцијализација.

Сите закони за амнестија се применуваат за одредени категории осуденици и стапуваат во сила веднаш по нивното официјално објавување. Законот за амнестија од 2018 и Законот за амнестија од март 2023 година се предложени од Владата на РМ, кои беа донесени по „итна" скратена постапка.

Анализите покажаа дека речиси сите Закони за амнестија (особено од 1991, 1999, 2002 и 2003 година) се одраз на моменталната владејачка политичка волја, наместо да претставуваат резултат на длабински студии и идеи за подобрување на системот на кривичната правда и соодветни политики. Ова особено се однесува на феноменологијата на кривичните дела што ги опфаќаа овие акти и индивидуалните карактеристики на осудените лица.

Сосема очекувано, овие празнини доведуваат до неповолни последици. Ако се земе предвид Законот за амнестија од 1991 година, ќе согледаме дека 33 % од ослободените осуденици повторно биле казнети и затворени по само три месеци од нивното ослободување. Бројките се значително поголеми ако се анализира подолг временски период. На тоа укажуваат и податоците од ефектите на Законот за амнестија што беше донесен во 2018 година: *„...кога беше донесен законот се соочивме со висока стапка на повратници... со еден карактеристичен случај на лице, кое само четири часа по отпуштањето од установата, сторило ново кривично дело"*.[16]

16 Изјава на проф. Александра Груевска-Дракулевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" на Институтот за кривично право и криминологија, Сител, 17.7.2023.

# ДИЛЕМИ

Денес никој не спори дека амнестијата има значење на корисни криминално-политички инструменти за разрешување на разновидните ситуации што може да настапат по правосилноста на осудата, а кои не би можеле ефикасно да се решаваат со повторно враќање кон сложената и најчесто бавна судска процедура.[17] Но, дали амнестијата е на линијата на подобрување на шансите за ресоцијализација на осудениот и дали таа е заснована врз уважување на индивидуалниот случај и оценување дали сторителот се поправил и дали казната и каква казна и натаму е нужна.

Дали може на амнестијата да ѝ се признае значењето на корисна пенолошка мерка со чие ставање во изглед на осудените лица се поттикнува нивното добро однесување во текот на издржувањето на затворот! Не е помалку значајна и нејзината употребливост како начин за исправање на судските грешки, констатирани по исцрпувањето на сите правни лекови во казнената постапка![18]

Колективното ослободување од затворска казна по пат на амнестија е ефикасен начин за отстранување на неправедливите последици предизвикани со честите измени на законите: кога новиот закон укинува некоја инкриминација или предвидува поблаго казнување, единствен инструмент со кој може да се интервенира за таквиот поблаг став на законодавецот да се однесува и на оние што издржуваат казна според стариот закон е нивното амнестирање. Во таа насока е и смислата на Законот за амнестија од март 2023 година, бидејќи ги опфати кривичните дела поврзани со повреда на забраните во текот на пандемијата, а најголем број од сторителите на кривичните дела немаа криминогени карактеристики, па по престанокот на ограничувања, отпаднаа и основите за појава на ризик од рецидив во однос на делата за кои се амнестирани. Донекаде оваа констатација важи и за Законот за амнестија од 2003 година, со кој беа опфатени граѓаните на Република Македонија со навршени 30 години старост за кои постои основано сомнение дека до денот на влегувањето во законот сториле кривични дела според членот 214 „Неодзивање на позив и одбегнување на воена служба“ и членот 217 „Самоволно оддалечување и бегство од вооружените сили“ од Кривичниот закон на Република Македонија – општ и посебен дел.[19]

Понекогаш и други важни социјални или политички причини го оправдуваат посегнувањето по амнестија со цел надминување на можните социјални конфликти, во кои начелото на законитост доживува пораз и треба да се спасува „образот на законот“, особено кога некои облици на криминал ќе добијат масовни размери и ќе прераснат во социјален и политички проблем чие решавање го надминува капацитетот на институциите задолжени за примена на Законот. Така со Законот за амнестија на припадниците на т.н. „ОНА“ од 2001 година[20], но и Законот за амнестија од 2018 година[21] со кој се ослободија од кривично гонење се запреа поведените кривични постапки и целосно се ослободија од издржување на казната затвор лицата за кои постоеше основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година.

17 Камбовски Владо, Казнено право – општ дел, Култура 2004, стр. 1013.

18 Камбовски Владо, Казнено право – општ дел, Култура 2004, стр. 1014-1015.

19 Закон за амнестија на граѓаните на Република Македонија што не ја извршиле воената обврска, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 49/2003 од 25.7.2003.

20 Закон за амнестија, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/2002 од 1.3.2002.

21 Закон за амнестија, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/2018 од 20.12.2018.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА (ЈУЛИ 2023 ГОДИНА)

Новиот закон што го предлага Министерството за правда наиде на сериозна јавна критика. Дали овој пат ќе се постигне посакуваната цел за намалување на пренатрупаност на казнено-поправните установи и позитивно влијание врз ресоцијализацијата на осуденичката популација? Дали со донесување нов закон ќе се овозможи процесот на ресоцијализација и социјална реадаптација на осудените лица?

Генерално, текстот на предложениот закон во голема мера се совпаѓа со Законот за амнестија од 2018 година.[22] Најновиот предлог на Законот за амнестија на Република Северна Македонија содржи 7 членови.

Во членот 1 е дадена содржината на Законот за амнестија и со него се предвидува ослободувањето од извршување казна затвор на лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со Кривичниот законик или други закони, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале или не започнале со издржување на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија, како и на лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со кривични закони на друга држава доколку сторителот е државјанин на Република Македонија и казната ја издржува во Република Македонија врз основа на извршување кривична пресуда на странски или меѓународен суд, и таа е признаена со пресуда на надлежен суд во Република Македонија.

Во членот 2 е наведено на кои осудени лица и на какви изречени казни се однесува амнестијата, како и процентот за кој се ослободуваат во делот на казната. Оваа поделба се врши врз основа на висината на казната што им е изречена на сторителите на кривичните дела. Така, се предлага сите осудени лица од членот 1 на овој закон, на кои им е изречена казна затвор до шест месеци, целосно да се ослободат од издржувањето на казната. Сите други осудени лица од членот 1 на овој закон се ослободуваат од издржување 30 % од целокупната казна изречена со правосилна пресуда. Осудените лица на кои со правосилна пресуда им е изречена единствена казна затвор се ослободуваат од издржување на единствената казна затвор за 30 % согласно одредбите од овој закон во делот на претходно утврдените поединечни казни опфатени со амнестија. Осудените лица од членот 1, кои се осудени за кривични дела во надлежност на Специјализираното судско одделение надлежно за судење за дела од областа на организираниот криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје, се ослободуваат од издржување 10 % од целокупната казна изречена со правосилната пресуда. Доколку во единствената казна затвор е утврдена казна затвор за кривично дело што не подлежи на амнестија, осудениот ќе се ослободи од издржување на казната за 30 % согласно одредбите на овој закон само во делот на претходно утврдените поединечни казни опфатени со амнестија.

Како и во сите претходни закони, членот 3 се однесува на кривичните дела за кои нема да важи амнестијата, односно за тоа кои осудени лица нема да бидат опфатени со Законот за амнестија. Во оваа одредба е применета т.н. „негативна“ клаузула со која изречно се исклучуваат делата што не се опфатени со амнестијата. Со законот се предвидува дека амнестијата не се однесува на лицата

22 Закон за амнестија, „Службен весник на РМ“ бр. 11/2018 од 18.1.2018.

осудени:

- на казна доживотен затвор;
- за кривично дело „Убиство“ од членот 123 од КЗ;
- за кривични дела против изборите и гласањето од членовите од 158 до 165-в од КЗ;
- за кривични дела против половата слобода и половиот морал од членовите од 186 до 194-а од КЗ;
- за кривични дела против државата од членовите од 305 до 327 од КЗ;
- за кривични дела против јавниот ред од членовите од 394-а до 394-г од КЗ;
- за кривичните дела против човечноста и меѓународното право од членовите од 403 до 418-а и од 418-в до 422 од КЗ; и
- за кривични дела сторени при вршење семејно насилство и родово базирано насилство.

Амнестијата не се однесува и на лицата што биле амнестирани согласно Законот за амнестија од 2018 година за кривичните дела за кои биле амнестирани согласно наведениот закон.

Во членот 4 се исклучуваат и правосилно осудени лица за кои е наредено издавање потерница поради нивна недостапност на органите на кривичниот прогон. Судијата за извршување санкции е должен во законски предвиден рок писмено да го извести судот што е надлежен да постапува за постоење на споменатите околности.

Во членот 5 се уредува постапката за давање амнестија, односно органот што ја спроведува постапката, како и издавањето на решението за амнестија. Имено, постапката за примена на законот за осудените лица што се наоѓаат на издржување казна затвор се поведува по службена должност од страна на казнено-поправната установа, додека, пак, постапката за примена на законот за осудените лица што не започнале со издржување на казната затвор ја поведува судот што ја донел првостепената пресуда по службена должност, по барање на јавен обвинител или по барање на осуденото лице. Решението за амнестија го донесува судот што ја донел првостепената пресуда во рок од пет дена од денот на приемот на барањето во судот и против ова решение, жалба може да поднесат осуденото лице и лицето што во корист на осуденото лице може да изјави жалба во рок од 24 часа од приемот на решението. По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд во рок од 48 часа, а жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Во членот 6 се наведува дека во постапката за спроведување на овој закон ќе се применат одредбите на Законот за кривичната постапка доколку со неговите одредби не е поинаку определено.

Со членот 7 се уредува влегувањето во сила на законот и започнувањето на неговата примена.

**Останувaат отворени дилемите:**

- Дали при донесување на законите за амнестија се поаѓа од индивидуалните особини на осудените лица и колкава улога играат нивните основни социјални карактеристики: пол, возраст, образование, стручност, дали тој/таа е првпат сторител или рецидивист, оженет или неоженет, итн.
- Дали е направена анализа на структурата на затворениците на кои им се изречени „помали казни“ за кои се предвидува целосно ослободување или ослободување од издржување 30 % од целата казна изречена со правосилна пресуда.
- Дали е направена анализа на видовите кривични дела за кои лицата се осудени или која казна нема да ја одлежи, на пр. ситни кривични дела, грабежи, други кривични дела против имотот, сообраќајни прекршоци и сл.
- Имајќи предвид дека амнестиите директно влијаат врз криминалните политики и успехот на кривичноправниот систем, сметаме дека овие прашања се составен дел на принципите на демократизација и владеење на правото. Ако Законот за амнестија се чини успешен, тој може да доведе до развој на владеењето на правото (ослободување на осудените што биле неправедно затворени), додека, пак, спротивната ситуација подразбира долгорочна штета на системот како целина – лица што не припаѓаат меѓу останатите членови на општеството се ослободени. Доколку направат дополнителни кривични дела, не предизвикуваат дополнителна штета само на граѓаните, туку и на државниот буџет (нови судења, дополнителни трошоци за постапките и сл.).

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Актите за амнестија – како еден од методите на законодавната власт за директно влијание врз судските практики – треба да се користат со претпазливост и само по суштински анализи и истражувања.
- Амнестијата претставува израз на политичка волја што има сериозни импликации врз пенитенцијарниот систем и претставува начин за политичко влијание врз казнената политика.
- Пренатрупаноста на затворите само привидно се намалува со донесување закони за амнестија, бидејќи од досегашните искуства, амнестираните што не се ресоцијализирани, а потпаѓаат под критериумите за амнестија, за многу краток временски период се враќаат во казнено-поправната институција.
- Во однос на рецидивот на амнестираните, законски не постои соодветно решение во смисла на нивен третман или следење во заедницата откако се амнестирани. На лице што е амнестирано не може да му се наметнуваат дополнителни обврски, забрани или ограничувања по основ на фактот што е амнестиран, иако можеби се оценува дека е опасен за околината.
- Досегашните искуства со брз рецидив по амнестијата, несомнено, укажуваат на тоа дека во општеството се враќаат лица што и натаму претставуваат опасност.
- Исклучок од наведеното е амнестијата што ги опфати кривичните дела поврзани со повреда на рестрикциите од КОВИД-19, затоа што најголем број од сторителите на кривичните дела немаа криминогени карактеристики, а по престанокот на ограничувања, отпаднаа и основите за појава на ризик од рецидив во однос на делата за кои се амнестирани.
- Во нашата држава, долги години научната јавност укажува на проблематичноста на кратките казни затвор (до една година) од аспект на неможноста третмански да се влијае врз осудените лица, но во практиката, трендот на изрекување кратки казни затвор продолжува. Од аспект на превоспитување и влијание врз сторителите на кривични дела, многу покорисно би било изрекувањето алтернативни мерки што овозможуваат поттикнување на одговорноста, дисциплината, придржувањето кон обврските од страна на осуденото лице, отколку изрекување кратки казни, па амнестија на осудените, со што отпаѓа основот за какво било позитивно влијание врз осуденото лице.
- Голема дилема е дали Законот за амнестија може да ги исполни очекувањата на Комитетот за превенција од тортура на Советот на Европа, кој укажува на нехуманите услови за издржување на казната затвор, од кои еден аспект секако дека е пренатрупаноста, но има и низа други сериозни укажувања што не се иманентно врзани за бројот на осудените.

# ПРЕПОРАКИ

- Амнестијата треба да претставува корисна пенолошка мерка со која се поттикнува доброто однесување на осудените лица во текот на издржувањето на затворот.
- Главните чинители што се вклучени во процесот пред и по отпуст на осудените лица по една од законските можности за прекин на издржување на казната затвор, вклучително и амнестијата, треба да имаат законски утврдени улоги, одговорности и линии на отчетност (тука спаѓаат Управата за извршување на санкциите, Затворските сектори за ресоцијализација, Канцелариите за пробација и Центрите за социјална работа).
- Пред да се размислува на амнестијата како можност за намалување на пренатрупаноста во затворските установи, треба да се направи прецизен план, имајќи ги предвид структурата на затворениците, стореното дело и нивното однесување за време на издржувањето на казната затвор.
- Треба да се воведе соодветна законска можност за вршење надзор врз осудените лица во последниот дел од изречената казна и непосредно по излегувањето од затвор, како помош од страна на државата во процесот на реинтеграција на осуденото лице во општеството и водење самостоен живот согласно законските и општествените норми.
- Да се минимализира изрекувањето кратки казни затвор и да се предвиди законска можност за ограничено изрекување затворски казни до 12 месеци, бидејќи е докажано дека во тој краток период не може да се оствари ниту третман, ниту процес на ресоцијализација на осуденото лице.
- Да се изработи анализа на пречките (легислативни и културолошки) за изрекување на алтернативните мерки со посебен акцент на условната осуда со заштитен надзор и општокорисна работа.
- Да се подобрат условите во затворите низ државата, особено во најголемиот затвор Идризово и неговото затворено одделение за кое се добива впечаток дека во државата, казната затвор се издржува во нехумани услови.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА



МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци Избор Струмица

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО